Ceresit

# CE 51

## »EPOXYCLEAN«

## Специјален чистач за отстранување дамки од маси за фугирање, остатоци и флеки од сите видови на керамички плочки и природен камен

### КАРАКТЕРИСТИКИ

- Концентрат - исклучително ефикасен
- Отстранува стврднати слоеви и темелно ја чисти нечистотијата
- За чистење голем обем на различни врсти на флеки
- Може да се користи и на деликатни површини како брусена керамика, стакло и сите врсти на природен камен, дури и полиран камен

### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

CE 51 може да се користи како неразреден детергент за ефикасно отстранување на дамки и остатоци предизвикани од употреба на CE 79/CE 89, како и за отстранување дамки на камени производи од полиран порцелан. Исто така може да се користи за чистење алат за поставување керамика. Користете разреден CE 51 (30% вода) за ефикасно отстранување масни остатоци, органска нечистотија собрана со текот на времето и восок од сите критични површини. Против нечистотија навлезена во порите на матријалите. Користете CE 51 разреден со 30% вода за периодично чистење на површини од сите видови кои имаат многу нечистотија која не може да се отстрани со јаки детергенти.

### ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Фугата треба доволно да зацвртси (мин. 24 часа на температура 20 - 25°C). Големи исушени парчиња смола или вишок материјал мора да се отстрани механички (отстранувањето ќе биде полесно доколку материјалот се загрее).

### НАНЕСУВАЊЕ

Во зависност од материјалот нанесете CE 51 разреден или неразреден директно на површината. Оставете сретството да делува околу 10 -15 минути.




CERESIT_CE51_TDS_12_2018

По нанесувањето на производот, површината истријте ја со бел филц или употребете машина со еден вел диск за поголеми површини. Соберете го растворот за чистење со сунѓер, гумен џогер или чистач на пареа. На крај добро исчистете со чиста вода и исушете го со чиста крпа.

### НАПОМЕНА

Не чекајте водата од плакнењето да испари поради тоа што може да се појават дамки на површината. Ве молиме пред употреба да ги заштитите вратите, прозорите, намештајот итн. кои можат да се оштетат ако се најдат во директен контакт со овој детергент. Честопати менувајте ја водата за плакнење и носете заштитна облека за време на ракување. Следете ги упатствата на етикетата и безбедносниот лист. Не користете го производот за апликации што не се ни наведени во техничкиот лист.

## ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

Упатството за безбедно ракување и скалдирање на производот побарајте го во безбедноснен лист на производот.

Покрај информациите дадени овде, важно е да се следат и релевантните упатства, регулативи и заеднички стандарди на различни организации и трговски здруженија. Горенаведените карактеристики се засноваат на практично искуство и применето тестирање. Потврдените својства и можните намени што ги надминуваат оние наведени во овој лист со податоци бараат наша писмена потврда. Сите дадени податоци се добиени на температура на амбиент и материјал до + 23°C и на релативна влажност на воздухот од 50% освен ако не е поинаку наведено. Имајте во предвид дека зацврстувањето под други климатски услови може да биде забрзано или успорено и дека самиот производ подлежи на локални услови како што се количина на вода и зацврстување. Производ од различно прозиводно место може да се разликува.

Овие информации, особено препораките за ракување и употреба на нашите производи, се засноваат на нашето професионално искуство. Како и материјалите, така и условите може да варираат со секоја предвидена примена, и со тоа се надвор од наша контрола, препорачуваме во секој случај да се испитаат погодностите на нашите производи за нивната предвидена употреба. Правната одговорност не може да се прифати врз основа на овој лист со податоци или каков било даден усмен совет, доколку станува збор за свесно непочитување или значителна негрижа од наша страна или ако станува збор за лична повреда или смрт или случај на одговорност според законот за одговорностите за квалитет на производот.

Овој лист со податоци ги заменува сите претходни изданија релевантни за овој производ. Ве молиме да имате во предвид дека овој лист се однесува само на производ произведен на одредено релевантно производно место.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Потрошувачка: | 10 -15м²/л |
| Време на примена: | Околку 10 - 15 минути |
| Работна температура: | од +5°C do 35°C |
| PH: | 12 ± 0,5 |
| Запалливо: | Не |
| Боја: | Безбојно |
| Рок на траење: | 24 месеци |
| Пакување: | 1л |

CERESIT_CE51_TDS_12_2018